# СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

## КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ БР. 4

## ЈУЛИ – СЕПТЕМВРИ 2017 Г.



**СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА: КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ БР. 4 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈУЛИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 2017 Г.**

**Издавач:** Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачот:**
Александар Кржаловски, прв извршен директор
Гонце Јаковлеска, извршен директор

**Лектура:** Даниел Медароски

**Дизајн:** Кома

**Контакт:**
МЦМС, адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
тел. +389/2/3065-381; факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk; веб-страница: www.mcms.mk

Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697;

SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk

Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

35.072.2:343.352(497.7)»2017*07/*09»

СЛЕДЕЊЕ на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата [Електронски извор] : квартален извештај бр. 4 за периодот од 1 јули до 30 септември 2017 г. - Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), 2018

Начин на пристап (URL): https://www.mcms.mk. - Текст во PDF формат, содржи 33 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 15.01.2018. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4681-98-4

а) Државна комисија за спречување корупција - Транспарентност - Македонија - «2017*07/*09»

COBISS.MK-ID 105774858

Сите права се задржани. Репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин без наплата за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Во електронска форма публикацијата е достапна на www.mcms.mk

Funded by UK Government

Подготовката на оваа публикација е во рамки на проектот „Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на јавноста“, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во овоаа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската амбасада/Британската Влада.

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ..... 5
2. МЕТОДОЛОГИЈА ..... 6
2.1. ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 6
2.1.1. ОБРАБОТКА И ПРИКАЖУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ..... 7
3.ПЕРФОРМАНСИ ..... 9
3.1. КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ СТРАТЕГИИ И ПОЛИТИКИ ..... 9
3.2. НАДЗОР И КОНТРОЛА ..... 11
3.3. СОРАБОТКА И ЕДУКАЦИЈА ..... 19
4.ТРАНСПАРЕНТНОСТ ..... 22
ДЕ ЈУРЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ ..... 23
ДЕ ФАКТО ТРАНСПАРЕНТНОСТ ..... 24
5.ОТЧЕТНОСТ ..... 29
5.1. ОТЧЕТНОСТ ПРЕД ИНСТИТУЦИИТЕ ..... 29
5.2. ОТЧЕТНОСТ ПРЕД ЈАВНОСТА ..... 29
6.ЗАКЛУЧОЦИ ..... 31
7.ПРЕПОРАКИ ..... 33

## ПРОЕКТ „СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА ДКСК“

Проектот има цел да придонесе кон поголема транспарентност и отчетност, како и јакнење на јавната свест за резултатите од работата на ДКСК. Преку проектот се следи спроведувањето на законските обврски и нивото на транспарентноста и отчетноста на ДКСК, како и нејзиниот придонес во борбата против корупцијата во Република Македонија.

Преку кварталните извештаи граѓаните и другите засегнати страни редовно ќе добиваат сеопфатни информации за резултатите од работењето на ДКСК. За самата ДКСК придобивка од надворешното следење е да добие независна оценка за своето работење.

За потребите на проектот, МЦМС и ДКСК воспоставија соработка која има за цел квартално доставување податоци за потребите на анализи во рамките на проектот.

Проектот се спроведува од септември 2016 г. до април 2018 г., од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), а е поддржан од Британската амбасада во Македонија.

# 1. ВОВЕД

Согласно Законот за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) е самостојна и независна антикорупциска институција. Меѓу другото, нејзините надлежности се поврзани со процесот на креирање политики, следење и надзор, како и соработка со други државни органи со цел спречување на корупцијата.

Овој квартален извештај е четврт по ред и содржи информации за степенот на исполнување на законските надлежности во периодот од јули до септември 2017 г. Како и во претходните трикварталнИ извештаи, заклучоците и препораките дадени во извештајот ДКСК ќе може да ги искористи за потврдување на достигнувањата и за подобрување во областите во кои е идентификувано потфрлање.

Во периодот на спроведување на овој проект, ДКСК ги има преземено следните активности, кои наедно беа забележани како препораки во досегашните извештаи:

- Во февруари 2017 го усвои „Планот и динамиката за 2017 г. за спроведување антикорупциска проверка на легислативата на веќе донесени закони“;
- Ажурирана е и ревидирана „Листата на информации од јавен карактер“ со која располага ДКСК;
- Започна со активности за обезбедување поддршка во координирање и реализација на активности за унапредување на примената на Законот за заштита на укажувачите;
- Иницира средби за соработка по различни основи со ГО и со приватниот сектор;
- Зголемен е бројот на известувања на веб-страницата за активностите кои ги имала.

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА

Методологијата која се применува во кварталните извештаи се заснова на позитивните искуства во следењето на работењето на антикорупциските тела од страна на Центарот за изучување на демократијата (ЦИД) од Бугарија и на искуството на МЦМС во следењето на отвореноста на институциите.

Во овој извештај е опфатено следењето на работата на ДКСК во периодот од јули до септември 2017 г.

## 2.1. ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Методологијата која се применува во извештаите се заснова на матрица на индикаторите подготвена во соработка со ЦИД.

Три групи на индикатори кои се следат во овој извештај се:

1. **Индикатори на перформансите (ИП)** - даваат одговор дали и колку ДКСК ги исполнува надлежностите коишто ѝ се дадени со Законот за спречување корупција[1], со Законот за спречување судир на интереси[2] и со Законот за заштита на укажувачите[3];
2. **Индикатори на транспарентноста (ИТ)** - даваат одговор на достапност и пристапност на информациите поврзани со работата на ДКСК до јавноста;
3. **Индикатори на отчетноста (ИО)** - даваат одговор за степенот на остварување на таканаречената вертикална отчетност пред институциите пред кои одговара и хоризонтална отчетност кон сите други засегнати страни пред кои нема формална одговорност (други институции, граѓанскиот сектор, граѓаните, медиумите, бизнис-заедницата итн.).

Како појдовна точка во дефинирање на индикаторите користени се Законот за спречување корупција, Законот за спречување судир на интереси и Законот за заштита на укажувачите, како три закони врз основа на кои примарно дејствува ДКСК.

Матрицата на индикаторите е достапна на веб-страница на МЦМС[4].

1 Закон за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/2010, 97/2015, 148/2015)

2 Закон за судир на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/2010, 97/2015, 148/2015)

3 Закон за заштита на укажувачите („Службен весник на Република Македонија“ број 196/2015)

4 Линк до матрицата на индикаторите mcms.mk/images/docs/2017/matrica-na-indikatori-dksk.pdf.

## 2.1.1. ОБРАБОТКА И ПРИКАЖУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Прикажаните резултати се засноваат на обработка на информациите добиени преку анализа на секундарните податоци достапни на интернет, од податоците добиени од ДКСК и од истражување со граѓански организации и со приватниот сектор. Истражувањето со граѓанските организации, односно приватниот сектор, ги опфаќа потписниците на меморандумите за соработка од 2010 г.[5] , односно од 2011 г[6].

Анкетата беше испратена до 18 граѓански организации и до девет комори и здруженија кои работат на прашања поврзани со деловниот сектор. На анкетата одговорија девет граѓански организации и три институции од бизнис-заедницата. Анкетите беа спроведени во периодот од 30 октомври до 15 ноември 2017 г.

За визуелно прикажување на остварувањето на индикаторите користени се четири бои, и тоа:

**ЦЕЛОСНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРОТ (ЗАКОНОТ СЕ СПРОВЕДУВА ВО ЦЕЛОСТ)**

**ДЕЛУМНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРОТ (ДКСК ПОСТАПУВА ПО ЗАКОНОТ, АМА НЕДОВОЛНО)**

**ЦЕЛОСНО НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРОТ (ДКСК НЕ ПОСТАПУВА ПО НАДЛЕЖНОСТИТЕ ДЕФИНИРАНИ ВО ЗАКОНОТ)**

**ИНДИКАТОРИ ЗА КОИ НЕ ПОСТОИ НАДЛЕЖНОСТ ДЕФИНИРАНА ВО ЗАКОНОТ, ИЛИ НЕ СЕ ОЦЕНУВА НИВО НА ОСТВАРУВАЊЕТО ВО ПЕРИОДОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ.**

Бидејќи „обојувањето“ на индикаторите е поврзано со степенот на остварување на законски дефинираните обврски, индикаторите за кои не постои изречена законска основа се оставени без оваа категоризација, односно се презентирани со сива боја. Примерите се де факто индикатори за транспарентност, бидејќи тие се дефинирани како посакувана пракса којашто ДКСК треба да ја спроведува. Портокаловата се однесува и за ситуации кога ДКСК не постапила поради непостоење конкретно барање за постапување по одредена законска надлежност, како и кога не може да се утврди дали ДКСК не покренала иницијатива за преземање активности и мерки определени со закони зашто немало основ за покренување, или ДКСК нема систем за проверка на постоење основи за покренување иницијативи.

5 Меморандум за соработка за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси меѓу граѓански организации и ДКСК http://www.dksk.org.mk/images/stories/memorandum_nvo.pdf

6 Меморандум за соработка за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси меѓу приватниот сектор и ДКСК http://www.dksk.org.mk/images/stories/pdf/memor-pri-sek.pdf

За процена на нивото на покренати случаи на корупција или судир на интереси, користен е моделот за класификација развиен во анализата „Дали антикорупцискиот модел дава резултати во Македонија?[7]“. Моделот на ниво на корупција зема предвид два параметри: позицијата во политичкиот систем или во јавната администрација на која се наоѓа избрано и именувано лице обвинето за корупција и процената на сумата пари која е злоупотребена. За потребите на оваа анализа моделот е прилагоден со дефинирање на три нивоа на корупција: високо, средно и ниско ниво. Детална класификација користена за потребите на кварталните извештаи може да се најде во Извештајот за остварувања на ДКСК во периодот од 2006 до 2015 г.

Во однос на користените термини, треба да се напомене дека низ текстот се користат термини за избрани и именувани лица со кои се опфатени избрани или именувани лица, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал, а кои подлежат на Законот за спречување корупција, на Законот за судир на интереси и на други закони врз основа на кои постапува ДКСК.

7 Мангова И. (2013). Дали антикорупцискиот модел носи резултати во Македонија? Клучни фактори кои го прават еден модел успешен. Скопје: Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје. Достапна на: www.academia.edu/3081031/Is_the_Anti-Corruption_Model_Delivering_Results_in_Macedonia

# 3. ПЕРФОРМАНСИ

Индикаторите за перформансите даваат одговор дали и колку ДКСК ги исполнува надлежностите коишто ѝ се дадени со Законот за спречување корупција, со Законот за спречување судир на интереси и со Законот за заштита на укажувачите. Индикаторите се групирани според четирите основни групи на надлежностите преку кои ДКСК може да ја остварува својa превентивна и репресивна улога во борбата против корупцијата: креирање антикорупциски политики, надзор и контрола, соработка и едукација и информирање.

## 3.1. КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ СТРАТЕГИИ И ПОЛИТИКИ

### ШТО ПРАВИ ДКСК ЗА ДА ПРИДОНЕСЕ КОН КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ СТРАТЕГИИ И ПОЛИТИКИ?

| | | |
|---|---|---|
| Учествува во креирање и измени на антикорупциски закони | Дава мислење на предлог-закони со цел да не се донесат закони кои во себе ќе имаат одреби со кои може да се јави ризик од корупција | Ја следи и ја спроведува Државната програма за превенција и репресија на корупција и превенција и намалување појава на судир на интереси (2016-2019)[8] |

### ШТО РЕАЛИЗИРАЛА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈУЛИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 2017 Г.?

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИП 2** ДАВАЊЕ МИСЛЕЊА ЗА ПРЕДЛОЗИ НА ЗАКОНИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА | Во периодот на известување до ДКСК немаше доставено барања од други институции да дадат мислења за предлози на закони од значење за спречување на корупцијата. |

8 Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување појава на судир на интереси (2016-2019), достапна на: https://www.dksk.mk/fileadmin/Drzavni_programi/Drzavna_programa_2016-2019.pdf

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИП 3**<br>**СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА „АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА“ (АПЛ)[9]** | Според планот и динамиката за АПЛ на веќе донесени закони, за третиот квартал од 2017 година, предвидено било да се проверат шест закони[10]. ДКСК ја има започнато постапката за АПЛ за 12 веќе донесени закони, и тоа за шесте закони од третиот квартал, за пет[11] закони од вториот квартал и за еден закон од првиот квартал[12]. ДКСК има направено АПЛ за Законот за учебниците за основно и средно образование, за Законот за градежните производи, за Законот за заштита на правата на пациентите, за Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, за Законот за државен пазарен инспекторат и за Законот за Бирото за развој на образованието.<br><br>Иако во однос на претходните квартали бројот на закони на кои што е направена антикорупциска проверка на легислативата е зголемен, сепак останува потребата за интензивирање на постапувањето, како би се реализирал утврдениот план и динамика.<br><br>Согласно Методологијата за АПЛ[13], секое министерство кое е предлагач на конкретниот закон е должно да ги зема превид препораките на ДКСК, а кога препораките не се прифатени, надлежното министерство задолжително треба да ја информира ДКСК. Иако согласно Методологијата за АПЛ министерствата треба да доставаат повратна информација за прифатените препораки, ДКСК досега нема добиено информација за прифатените препорака.<br><br>Согласно Деловникот[14] на Владата, министерствата и другите институции задолжително треба до ДКСК да ги достават сите предлог-закони. АПЛ не е подготвена за ниту еден од 13 закони утврдени на седница на Владата во периодот од 1 јули до 31 септември 2017 година . ДКСК не добила барање од Владата или од надлежно министерство за да подготви АПЛ за предложените закони. Согласно своите надлежности , би било упатно ДКСК да биде проактивна и да ја зголеми соработката со институциите и да ги едуцира за нивните обврски.<br><br>Со поддршка на Советот за регионална соработка РЦЦ (RCC) започната е активноста за експертска поддршка на ДКСК во делот на АПЛ од областа на здравствената заштита. |

9 Антикорупциската проверка на легислативата претставува анализа и оцена на формата и содржината на правните прописи. Антикорупциска проверка ги опфаќа сите предлози на закони и по избор закони кои веќе се донесени со цел откривање, спречување и намалување на ризиците за можност од корупција и од судир на интереси.

10 Закон за заштита на личните податоци, Закон за прекинување на бременоста, Закон за земање и пресадување делови на човечкото тело заради лекување, Закон за академијата за наставници, Закон за трговските друштва, Закон за енергетика

11 Закон за катастарот на недвижности, Закон за спречување на судир на интереси, Закон за лековите и медицинските помагала, Закон за просветната инспекција, Закон за трговија

12 Закон за здравствена заштита

13 3.1.4 Фаза од законодавниот процес во која ќе се направи антикорупциска проверка на легислативата https://www.dksk.mk/fileadmin/PDF/Metodologija_za_antikorupciska_proverka_na_legislativata.pdf

14 Согласно глава 2. Соработкана Генералниот секретаријат со министерствата и органите на државната управа во изработката на материјалите и актите, член 68, ставови 1 и 2 од Деловникот за работа на Владата (http://bit.ly/2BfzI4F), надлежните министерства се должни да ги достават законите за АПЛ до ДКСК. Согласно став 3 од истиот член, материјалите по кои не е прибавено мислење во смисла на став (1) на овој член, нема да се разгледуваат на седница на работните тела и на Владата.

## 3.2. НАДЗОР И КОНТРОЛА

Кои мерки и активности ги презема ДКСК за да спроведува надзор и контрола утврдени со Законот за спречување на корупцијата, со Законот за спречување судир на интереси и со Законот за заштита на укажувачите?

- Покренува иницијативи пред други надлежни институции, доколку утврди дека постои сомневање за злоупотреби на буџетските средства и средства од јавни фондови за изборна кампања или каква било политичка активност
- Презема активности за случаи кога ќе утврди дека постојат привилегии или дискриминација по однос на договорите, јавните набавки и другите зделки по изборите
- Им дава мислење на државните институции за примена на одредбите од Законот за спречување на корупцијата за време на избори
- Покренува иницијативи пред други надлежни институции доколку постои сомневање во финансиско-материјалното работење на политичките партии, синдикатите и здруженијата и фондациите
- Покренува иницијативи за разрешување на избрани или именувани лица
- Покренува иницијативи за поведување постапка за кривично гонење на избрани или именувани лица
- Евидентира и следи промени на имотната состојба на избраните и именуваните лица
- Води регистар на избрани и именувани лица
- Го евидентира стекнувањето акции и удели на избрани и именувани лица, доколку акциите се на правно лице врз кое институцијата во која работи врши надзор
- Постапува по претставки од граѓаните со сомневање за злоупотреба на дискрециско овластување и кои сметаат дека одредена одлука е донесена поради корумпираност

## ШТО РЕАЛИЗИРАЛА ДКСК ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈУЛИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 2017 Г.?

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИП 4**<br>СЛЕДЕЊЕ НА МОЖНИТЕ ЗЛОУПОТРЕБИ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА, ЈАВНИТЕ ФОНДОВИ И СРЕДСТВАТА НА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО РАСПОЛАГААТ СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ | ДКСК сѐ уште не подготвила посебен извештај за можни злоупотреби на буџетските средства за финансирање на изборната кампања или други политички активности за парламентарните избори одржани во декември 2016 година. Во овој извештаен период ДКСК отвори и постапуваше во 18 приговори во кои се наведени сомневања за можни злоупотреби на буџетски средства, јавни фондови и средства од јавни претпријатија и други правни лица кои располагаат со државен капитал од денот на распишување на изборите на 6 август 2017 година. Од нив, 16 предмети се отворени  по приговори поднесени од физички лица, еден приговор поднесен е од правно лице и еден приговор од непознат подносител.<br><br>Постапувајќи согласно со членот 74 од Изборниот законик во случај на поднесен приговор за непочитување на одредбата  од член 8-а и член 8-б од Изборниот законик и својата усвоена „Процедура за постапување по поднесен приговор за непочитување на одредбата од член 8-а и член 8-б“ од Изборниот законик, ДКСК во текот на изборната кампања одржа  7  јавни седници на кои во присуство на медиумите ги разгледа и постапи по доставените приговори. |
| **ИП 5**<br>СЛЕДЕЊЕ СЛУЧАИ ЗА ПРИВИЛЕГИИ ИЛИ ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОДНОС НА ДОГОВОРИТЕ, ЈАВНИТЕ НАБАВКИ И ДРУГИТЕ ЗДЕЛКИ ПО ИЗБОРИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА | Согласно Законот за спречување на корупцијата, ДКСК има надлежност да врши увид во сите договори, јавни набавки и други зделки поврзани со остварување профит склучени, односно извршени по завршувањето на изборите меѓу државни органи и домашни или странски правни лица, како и сите дозволи, концесии и други одлуки.<br><br>На прашање на прес-конференција, беше известено од страна на ДКСК дека не постои судир на интереси во еден случај за државен функционер.[15] |

15 Видеото од прес-конференцијата е достапно на: https://goo.gl/7jMvei (почеток 4:35)

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
| --- | --- |
| **ИП 6**<br>ПОСТАПУВАЊЕ ВО СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА ВО ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС | На 15 октомври 2017 година беше одржан првиот круг од локалните избори со цел избирање советници и градоначалници во 80 општини во Република Македонија и во градот Скопје. Изборите беа распишани на 6 август 2017 г. од собранискиот претседател, Талат Џафери. Листи со кандидати за градоначалници и советници поднеле 19 партии и коалиции, како и 64 групи избирачи. Изборната кампања траеше од 25 септември до 13 октомври. Вториот круг беше одржан на 29 октомври 2017 г.<br><br>Во изборен период, државните органи, институции и поединци може да бараат мислење од ДКСК дали може да преземат одредени активности поврзани со користењето и располагањето со буџетските средства во изборниот период. На пример, некоја институција доколку не е сигурна дека може да спроведе одредена постапката за вработување или јавна набавка, може до ДКСК да достави барање за мислење дали одредено постапување е согласно со закон.<br><br>Во периодот од 06.08.2017 до 30.09.2017 година (периодот кој се следи во овој извештај) ДКСК отворила вкупно 916 предмети за разгледување на примената на одредбите на Законот за спречување на корупцијата и на Изборниот законик,<br><br>Сите се барања за мислења доставени од институциите во врска до дејствија поврзани со располагање буџетски средства за време на изборниот процес на локалните избори 2017 година.<br><br>Остварувајќи ја својата превентивна улога, ДКСК се произнесе по секое од бараните мислења, давајќи објаснувања на законските норми и соодветни сугестии и препораки.<br><br>Како поспецифични предмети кои може да се издвојат во овој период се мислењето кое беше побарано за да се констатира дали е законско разрешувањето на јавниот обвинител на РМ и барањето за мислење за вработување на двајца советници во Кабинетот на претседателот во изборниот процес. Во првиот случај ДКСК констатирала дека постојат законски пречки за разрешување, а во вториот случај констатирала дека станува збор за итни и неодложни работи и не постои пречка за вработување. |
| **ИП 7**<br>ПОКРЕНУВАЊЕ ИНИЦИЈАТИВИ ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКО-МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ | ДКСК во извештајниот период немала основ, како ни барања од други субјекти за покренување иницијативи пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на политичките партии. |

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
| --- | --- |
| **ИП 8**<br>ПОКРЕНУВАЊЕ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ, РАСПОРЕДУВАЊЕ, СМЕНУВАЊЕ ИЛИ ПРИМЕНА НА ДРУГИ МЕРКИ НА ОДГОВОРНОСТ НА ИЗБРАНИ ИЛИ ИМЕНУВАНИ ЛИЦА, СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ИЛИ ОДГОВОРНИ ЛИЦА ВО ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО РАСПОЛАГААТ СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ | Од страна на ДКСК покрената е една ваква иницијатива до градоначалник на општина за разрешување на директорот на општинското основно училиште. Директорот во вршењето на функцијата го ставил својот приватен интерес пред јавниот интерес на начин и спротивно на одредбите на Законот за спречување на корупцијата. Имено, воспоставил деловни односи со правно лице, коешто тој го основал, а за што основен суд со пресуда го прогласил за виновен и го осудил на прекршочна санкција со глоба. |
| **ИП 9**<br>ПОКРЕНУВАЊЕ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ НА ИЗБРАНИ ИЛИ ИМЕНУВАНИ ЛИЦА, СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ИЛИ ОДГОВОРНИ ЛИЦА ВО ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ЈАВНИ УСТАНОВИ И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО РАСПОЛАГААТ СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ | Во извештајниот периодот ДКСК во еден предмет има утврдено дека именувани лица не обезбедиле законито користење и заштита на средствата и притоа е нанесена штета на установата и на средствата од буџетот на Република Македонија. |

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
| --- | --- |
| **ИП 10**<br><br>**ЕВИДЕНЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА АНКЕТНИТЕ ЛИСТОВИ И ПРИЈАВИТЕ ЗА ПРОМЕНА НА ИМОТНАТА СОСТОЈБА НА ИЗБРАНИТЕ И ИМЕНУВАНИТЕ ЛИЦА, НА ОДГОВОРНО ЛИЦЕ ВО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ, ЈАВНА УСТАНОВА ИЛИ ДРУГО ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ РАСПОЛАГА СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ** | Според податоците на ДКСК, до нив се доставени:<br>→ 755 анкетни листови по изборот на функција;<br>→ 407 анкетни листови по престанок на функцијата;<br>→ 64 анкетни листови за пријавување промени на имотната состојба.<br><br>ДКСК до Управата за јавни приходи доставила седум барања за поведување постапка за испитување имот и имотна состојба.<br><br>ДКСК утврдила дека осум лица не поднеле анкетен лист и повела осум прекршочни постапки пред надлежен суд.<br><br>Според податоците, објавени се одлуки за именување и избор на 663 лица и одлуки за разрешување од функција на 378 лица во изданијата на Службен весник на РМ објавени во овој период. Согласно Законот за спречување на корупцијата, сите овие лица имаат обврска да поднесат анкетен лист, со кој се утврдува состојбата на имотот при изборот, односно при престанување на функцијата.<br><br>При проверка на базата на податоци со анкетните листови на ДКСК, од 663 новоименувани и избрани лица, објавени се анкетните листови на 192[16] (28,96%). За 471 (71,04%) лица анкетните листови не се достапни на веб-страницата. Најголем број од недостапните анкетни листови се однесуваат на лица кои се се избрани на функции во управните одбори на училишта, на болници, на Универзитетската клиника, на меѓуопштински центри, на избирачки одбори и сл.<br><br>Евиденција на анкетните листови води ДКСК, меѓутоа начинот на кој истата се прави не дава доволно информации за целта за која е наменета оваа обврска од законот. Поради ова, барањата на граѓанските организации и општо, согласно добрите пракси за отчетност, анкетните листови и при стапување на функција и при завршување на истата треба да бидат јавно достапни за увид. Спротивно на ова, досегашниот систем на ДКСК, по доставување на анкетниот лист по престанување на функцијата, податоците автоматски се повлекуваат од веб-страницата. За целта на овој извештај, направена е проверка на достапноста на анкетните листови при разрешување од функција, при што е утврдено од 378 лица за коишто се објавени одлуки за разрешување во службен весник, за 55[17] од нив (14,55%) сѐ уште има достапен анкетен лист од функцијата која им престанала. |

16 Последната проверка на базата е направена во периодот 01-11.11.2017

17 Исто како 10.

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
| --- | --- |
| **ИП 11**<br>ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКИ ЗА СЛУЧАИ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ | ДКСК покренала 33 нови предмети за утврдување случаи на судир на интереси. Со овие предмети опфатени се два функционери на високо ниво (пратеник, заменик-министер), 13 функционери на средно ниво (генерален секретар, член на совет, директори на болници, театар и други државни институции, како и членови на управни одбори на големи ЈП) и 12 функционери на ниско ниво (членови на училишни и општински одбори и сл.).<br><br>За едно лице (директор на агенција) изречена е една јавна опомена и една иницијатива за разрешување од извршување јавни овластувања и должности (член на управен одбор). |
| **ИП 12**<br>ЦЕЛОСНОСТ И АКТУЕЛНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА | Според податоците од Службен весник на Република Македонија, во периодот на известување објавени се одлуки за именување и избор на 663 лица. Според Законот, за сите именувани и избрани лица, институциите коишто ги именувале до ДКСК во рок од 15 дена треба да достават податоци за ажурирање на Регистарот за избрани и именувани лица. При проверка на податоците во регистарот, објавени се податоци во регистарот за 7 лица (1,06%).<br><br>ДКСК согласно член 63б став 1 од Законот за спречување на корупцијата може да поведе иницијатива за прекршочни постапки за неисполнување на обврските за неподнесување на податоците потребни за ажурирање на Регистарот. Висината на глобите се движи до 2.000 евра во денарска противвредност за инситутцијата и 200 евра за раководното лице. За периодот на известувањето нема податок дали ДКСК постапила согласно законот и дали поднела прекршочни пријави за институциите коишто не доставиле податоци за избрани и именувани лица.<br><br>Според податоците во службените весници во периодот на известувањето, објавени се одлуки за престанок или разрешување на 378 лица. При проверка на податоците во регистарот, објавени се информации за престанок на функцијата за 3 (0,79%) лица.<br><br>Податоците во регистерот се објавуваат дури откако во архивата на ДКСК ќе пристигнат обрасците во хартиена форма што претходно се испратени електронски преку електронската апликација - регистер. Периодот на комплетирање на обрасците може да потрае подолго поради потреба од прибирање на податоците. Поради ограничен број на ресурси внесот на обрасците во ДКСК се одвива бавно. |

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИП 13**<br>ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИЈАВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ УДЕЛИ ИЛИ АКЦИИ | До ДКСК не е поднесена пријава, ниту пак по сопствена инцијатива постапувала по вакви случаи. ДКСК нема воспоставено механизам со кој ќе може да утврди дали службено лице во рок од три години по престанокот на вршењето јавни овластувања или должности постапило согласно Законот за спречување судир на интереси.[18] |
| **ИП 14**<br>ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИЈАВИ ЗА ПОСТОЕЊЕ КОРУПЦИЈА ОД ГРАЃАНИ ИЛИ ОД ПРАВНИ ЛИЦА НЕЗАДОВОЛНИ ОД ОДЛУКА ДОНЕСЕНА ВРЗ ОСНОВА НА ДИСКРЕЦИСКО ОВЛАСТУВАЊЕ И КОИ СМЕТААТ ДЕКА ТАА ОДЛУКА Е ДОНЕСЕНА ПОРАДИ КОРУМПИРАНОСТ | До ДКСК не се доставени претставки на граѓани незадоволни од одлука донесена врз основа на дискрециско овластување и кои сметаат дека таа одлука е донесена поради корумпираност. |
| **ИП 15**<br>ПОКРЕНУВА ИНИЦИЈАТИВА ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКО-МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ НА СИНДИКАТОТ | ДКСК нема покренато иницијативи пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на синдикати. |
| **ИП 16**<br>ПОКРЕНУВА ИНИЦИЈАТИВА ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКО-МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И НА ФОНДАЦИИТЕ | ДКСК во овој извештаен период нема покренато иницијативи пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на здруженија и фондации. |

18 Член 17 од Законот за спречување судир на интереси

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИП 17** АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ПРЕЗЕМЕНИ ОД ДКСК КАКО ОДГОВОР НА ПОДНЕСЕНИ ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ ЗА НЕОБЕЗБЕДЕНА НИВНА ЗАШТИТА. | Овластените, односно раководните лица на институциите до кои се врши заштитено внатрешно и надворешно пријавување се должни до ДКСК да доставуваат полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи. Доколку не постапат по ова, може на институцијата да ѝ се изрече казна во износ од 4.000 евра. Казна во износ од 30% од казната изречена за институцијата ќе му се изрече и на одговорното лице во институцијата. До ДКСК полугодишни извештаи[19] за примени пријави од укажувачи за периодот од јануари до јуни 2017 г. доставиле 41 (3,18%) институции од вкупно 1.291[20] институции активни во јавниот сектор на Република Македонија. Иако компаниите од приватниот сектор немаат законска обврска да доставуваат вакви извештаи до ДКСК, сепак 15 правни лица доставиле извештаи.<br><br>Јавните институции имаат обврска да достават информација со име и презиме на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи, неговото работно место; телефонскиот број за контакт и поштенската и електронската адреса[21]. Во извештајниот период пет институции од јавниот сектор доставиле информација за овластено лице за прием на пријави од укажувачи. Со ова вкупниот број на институции кои од стапувањето на законот во сила доставиле информација, изнесува 65 или 5,03% од вкупно 1.291 јавна институција.<br><br>ДКСК не презела конкретни активности за да ги информрна и едуцира институциите за нивната обврска да постават лице за прием на пријави од укажувачи и да достават информација за тоа лице.<br><br>ДКСК нема предмет по кој постапувала, а е во врска со заштита на укажувачите.<br><br>Претставници од ДКСК заедно со граѓански организации и институции од јавниот сектор имаат состаноци за изработка на стратегија за подигање на јавната свест за примена на Законот за заштита на укажувачите. |
| **ИП 18** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИЈАВИ ОД ГРАЃАНИ И ОД ПРАВНИ ЛИЦА | Во извештајниот период до ДКСК биле доставени и оформени вкупно 19 предмети за постоење елементи за корупција. Предметите се по пријава од граѓани од правни лица и предмети отворени по сопствено убедување на ДКСК. Во однос на наводите содржани во овие предмети, истите се однесуваат на сомневање за постоење коруптивни елементи во вршењето на јавните овластувања, на јавните набавки, во вршењето на работите од јавен интерес и друго. Постапувањето по овие предмети е во тек. |

19 Согласно Член 15 став 1 од Законот за заштита на укажувачите, овластените, односно раководните лица на институциите, односно правните лица во јавниот сектор до кои се пријавува согласно со членовите 4 и 5 од овој закон, се должни до Државната комисија за спречување на корупцијата да доставуваат полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи.

20 Годишен извештај од Регистерот на вработените во јавниот сектор 2016, Министерство за информатичко општество и администрација, март 2017, http://mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/Godisen_izvestaj_2016_Registar_na_vraboteni_vo_JS.pdf

21 член 2 став 1 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување

# 3.3 СОРАБОТКА И ЕДУКАЦИЈА

Преку едукацијата на органите надлежни за откривање и гонење на корупцијата и другите видови криминал, ДКСК може да придонесува за зајакнување на капацитетите на органите на државната управа. ДКСК има законска обврска да презема активности на планот на едукацијата на органите надлежни за откривање и гонење на корупцијата и сите други институции.

**Што презела ДКСК на полето на соработка и едукација во периодот од 1 јули до 30 септември 2017 г.?**

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИП 19**<br>СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА И ВО СТРАНСТВО | Во овој извештаен квартал ДКСК учествувал на повеќе средби/трибини/состаноци во насока на воспоставување или продлабочување на соработката со други државни и меѓународни институции.<br><br>ДКСК одржа работна средба со вицепремиерот за европски прашања, Бујар Осамни, на која се разговарало за активностите кои произлегуваат од „Планот 3-6-9" и учествуваа на трибина на истата тема.<br><br>Одржани се и средби со експертскиот тим предводен од Рајнхард Прибе[22] и работен состанок на работната група за „Петтиот круг на евaулација" од страна на ГРЕКО[23], како и состанок со владини експерти за пополнување на прашалникот за самоевaулација од УНКАК[24], циклус 2.<br><br>Претставници од ДКСК учествуваа и на состаноците на работната група за изготвување закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на укажувачите и на состанок во врска со подготовка на Годишната национална програма на Република Македонија за членство во НАТО за периодот 2017-2018 г.<br><br>На меѓународно ниво, претставници на ДКСК учествуваа на Самитот за Западен Балкан во Трст, каде се усвои заедничка декларација за јакнење на меѓународната соработка со антикорупциски органи и тела на државите, на меѓународни институции и на организации. Исто така, претставници на ДКСК учествуваа на Регионалниот експертски самит во Белград и на состанокот со Управниот комитет на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) во Париз. |

22 Експертски тим предводен од Рајнхард Прибе од 17 до 21 јули престојуваше во Република Македонија со цел да направат проверка на препораките од 2015 година и да ја советуваат новата влада за веќе посочените прашања од областа на владеењето на правото, https://goo.gl/yhdjAx

23 Групата на држави за борба против корупција – ГРЕКО на Советот на Европа, https://www.coe.int/en/web/greco

24 Конвенцијата на ОН против корупција (UNCAC), https://www.unodc.org/unodc/en/treaties/CAC/

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
| --- | --- |
| **ИП 20**<br>СПРОВЕДУВАЊЕ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР | МЦМС од 30 октомври до 15 ноември 2017 г. спроведе онлајн анкета со потписниците на Меморандумот за соработка, со којашто се оценуваше соработката на ДКСК со граѓанските организации во периодот јули-септември 2017 г. Анкетата беше испратена до сите 18 потписници, а на неа беше одговорено од страна на девет организации.<br><br>Три организации упатиле иницијативи до ДКСК и иницијативите биле прифатени. Иницијативата за соработка од едната организација се однесувала на барање за вклучување во подготовката на стратегијата за подигање на јавната свест и едукација  за примена на Законот за заштита на укажувачите, а на другите две организации иницијативите биле за соработка за реализација на проекти од интерес за борба против корупција и судир на интереси.<br><br>ДКСК ги прифатила иницијативите на граѓанските организации. ДКСК ја вклучила организацијата во работната група за изготвување на Стратегијата за подигање на јавната свест за примена на Законот за заштита на укажувачите. ДКСК упатила иницијатива до друга организација за организирање работилница. Темата ќе биде дополнително утврдена.<br><br>Ниту една од организациите во овој период не добиле покана за учество на настан кој го организрал ДКСК. Запрашани како ја оценуваат севкупната соработка, шест (66,66%) од организациите рекле дека немало соработка, а три (36,44%) од организациите рекле дека соработката била добра, но треба да се подобри. Иако во Годишната програма за работата за 2017 година е предвидено одржување редовни квартални состаноци со потписниците на Меморандумот, вакви средби не се одржуваат. |
| **ИП 21**<br>СПРОВЕДУВАЊЕ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР | МЦМС од 30 октомври до 15 ноември 2017 година спроведе онлајн анкета со потписниците на Меморандумот за соработка, со којашто се оценуваше соработката на ДКСК со приватниот сектор во периодот јули-септември 2017 г. Анкетата беше испратена до сите девет потписници, а на неа беше одговорено од страна на три потписници на Меморандумот.<br><br>Една од потписниците на меморандумот упатила две иницијативи за соработка со ДКСК, односно поканила претставници од Комисијата да учествуваат и соработуваат на проект поврзан со јакнење на свеста на деловната заедница во однос на намалување на корупцијата, деловниот интегритет и едукација за усогласено деловно управување и побарала експерти од ДКСК да се вклучат во подготовката на водичот на деловниот етички кодекс за македонското стопанство. ДКСК ги прифатила и двете иницијативи.<br><br>ДКСК упатила иницијатива за соработка до една комора за заеднички идни активности, односно за реализација на проекти од интерес за борба против корупцијата и судир на интереси. Иако во Годишната програма за работата за 2017 г. е предвидено одржување редовни квартални состаноци со потписниците на Меморандумот, вакви состаноци не се одржуваат. |

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
| --- | --- |
| **ИП 22**<br>ПРЕЗЕМЕНИ АКТИВНОСТИ НА ПЛАНОТ НА ЕДУКАЦИЈАТА НА ОРГАНИТЕ, НАДЛЕЖНИ ЗА ОТКРИВАЊЕ И ГОНЕЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И ДРУГИТЕ ВИДОВИ КРИМИНАЛ | Во овој период во организација на Академија за судии и јавни обвинители реализирани се две обуки на тема “Судир на интереси / Антикорупциски мерки”, во кои ДКСК се јави во улога на предавач. |

# 4. ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Транспарентноста подразбира достапност и пристапност на информациите поврзани со работата на ДКСК до јавноста.

**Кои се законски (де јуре) утврдени обврски на ДКСК за обезбедување транспарентност?**

- ДКСК е должна редовно да ја известува јавноста за преземените мерки и активности и за резултатите од своето работење
- ДКСК е должна да го објавува годишниот извештај во средствата за јавно информирање
- ДКСК е должна да ја известува јавноста за случаите на судир на интереси по кои таа постапувала

**Што е потребно ДКСК да објавува за да обезбеди целосна транспарентност на своето работење, и покрај тоа што нема експлицитна законска обврска (де факто транспарентност)?**

ДКСК треба да објавува:

- Годишни програми и извештаи за својата работа
- Информации за преземени мерки и активности на комисијата
- Информации од одржани седници на комисијата
- Дадени мислења на предлог-закони по спроведена антикорупциска проверка на легислативата
- Информации за остварена соработка со граѓански организации

## КОЛКУ ДКСК БИЛА ТРАНСПАРЕНТНА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈУЛИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 2017 Г.?

### ДЕ ЈУРЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ-СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИТ-2**<br>ПРИСТАП ДО РЕГИСТАРОТ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА | Пристап до Регистарот на избрани и именувани лица е овозможен, меѓутоа постојат низа недостатоци кои практично ја усложнуваат или прават недоволно корисна неговата функција.<br><br>Пристапот до податоци е ограничен во однос на пребарувањето и прегледноста на регистарот. Пребарувањето по збор во полето означено со „Пребарај обрасци“ е овозможено само за име и презиме. Преку опцијата „Одбери институција“ може да се дојде до податоци за институцијата којашто е внесена во Регистарот. Се забележува и дека има недоследности при пополнување на Регистарот, бидејќи во опцијата „Одбери институција“, има записи „Градоначалник“.<br><br>Регистарот на избрани и именувани лица е во функција од 12.06.2016 година и поради тоа нема „историја на промени“ која дозволува преглед за почетокот и крајот на извршувањето на функцијата на секое избрано и именувано лице. Имањето историски податоци за промените на информациите за секој од записите овозможува анализа на промените кои настанале, а исто така овозможува оценување на веродостојноста и актуелноста на податоците за одреден запис.<br><br>Регистарот не содржи датум на внесување на податоците со цел да може да се утврди ажурното евидентирање на доставените обрасци.<br><br>Регистарот не е достапен во формат на отворени податоци, односно нема можност да се зачува целата база на податоци со цел да се прави компјутерска анализа/ обработка на податоците. |
| **ИТ-3**<br>ОБЈАВЕНИ АНКЕТНИ ЛИСТОВИ И ПРИЈАВИ ЗА ПРОМЕНА ВО ИМОТНАТА СОСТОЈБА НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА НА ДКСК | Врз основа на податоците достапни на веб-страницата mkopen којашто ги следи измените направени во базата на податоци на анкетните листови, во овој квартал во базата е направена измена на 98 записи на јавни функционери. Овие измени вклучуваат 53 нови анкетни листови (од вкупно 755) и 45 пријави (од вкупно 64) за промена на имотната состојба. |
| **ИТ- 6**<br>ОБЈАВУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА СЛУЧАИТЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ ПО КОИ ДКСК ПОСТАПУВА И МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ ГИ ПРЕЗЕЛА | Во извештајниот период ДКСК постапувала по 34 предмети, од кои за само еден предмет има изречено мерка јавна опомена, односно само овој предмет е завршен.<br><br>За изречената мерка во конкретниот случај е објавена информација. |

25 OpendataMacedonia, https://data-mkopen.rhcloud.com/

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИТ-8** ДОСТАПНОСТ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ | Заклучно со 30 септември 2017 година, ДКСК нема подготвено и обајвено на својата веб-страна годишен извештај за 2016 година за примени пријави од укажувачи. Сепак, ДКСК има обврска да информира во форма на извештај дека за предвидениот период нема добиено ниту една пријава. |
| **ИТ-9** ЈАВНО ДОСТАПНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ДКСК | Во периодот на известувањето беа објавени вкупно 19 соопштенија на веб-страницата на ДКСК.<br>На веб-страницата објавени се информации за одржани седум јавни седници, и тоа на 23.08, 29.08, 05.09, 11.09, 15.09, 20.09 и 28.09. Одржувањето јавни седници е обврска на ДКСК кога постапува по поднесени приговори за непочитување забрана за користење буџетски средства за време на избори, вработување или користење канцелариски простор, опрема и службени возила на институции за изборна кампања.<br>Исто така достапни се информации за одржаните средби и учество на трибина на тема „Планот 3-6-9", работната група со експерти предводени од Рајхард Прибе и учество на Самитот за Западен Балкан во Трст.<br>На веб-страницата е објавена изречената мерка јавна опомена и генералното мислење за прашања поврзани со трошење буџетски средства и јавни фондови за време на изборен процес. |

## ДЕ ФАКТО ТРАНСПАРЕНТНОСТ

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИТ-12** ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ПРОЦЕСОТ НА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА (АПЛ) | Не е објавен планот за динамика за проверка на АПЛ.<br>На веб-страницата се достапни извештаите од антикорупциската проверка на Законот за заштита на правата на пациентите, Законот за бирото за развој на образованието, Законот за учебниците за основното и средното образование и Законот за градежните производи.<br>Нема информации за периодот кога е правена АПЛ и кога извештаите се објавени на веб-страницата. |

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
| --- | --- |
| **ИТ-13**<br>ПРИСТАП ДО АНКЕТНИТЕ ЛИСТОВИ И ПРИЈАВИТЕ ЗА ПРОМЕНА ВО ИМОТНАТА СОСТОЈБА, ОБЈАВЕНИ ОД СТРАНА НА ДКСК | На веб-страницата постои линк до базата на податоци којашто ги содржи податоците од анкетните листови на лицата кои имаат законска обврска да поднесат пријава за имотната состојба.<br><br>Податоците се достапни само додека се врши јавната функција. Штом лицето веќе не ја врши јавната функција, податоците од неговиот/ нејзиниот анкетен лист веќе не се јавно достапни на веб-страницата.<br><br>Во годишниот извештај на ДКСК е наведено дека е изготвено ИТ решение за електронско поднесување на анкетните листови и на изјавите на интереси, но за негово ставање во употреба неопходни се измени во соодветните закони. Со ова ИТ решение се очекува да се отстранат сите недостатоци евидентирани во сегашната база на податоци на анкетните листови:<br><br>1. непостоење можност да се зачува целата или дел од базата на податоци со цел да се прави компјутерска обработка на податоците;<br>2. непостоење на „историја на промени“ за секој од анкетните листови, односно за секое лице, со што не се дозволува следење на промените за секој запис одделно. |
| **ИТ-14**<br>ДОСТАПНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОДНЕСЕНИ ПРЕТСТАВКИ ОД ГРАЃАНИН ИЛИ ПРАВНО ЛИЦЕ НЕЗАДОВОЛНИ ОД ОДЛУКА ДОНЕСЕНА ВРЗ ОСНОВА НА ДИСКРЕЦИОНО ОВЛАСТУВАЊЕ И КОИ СМЕТААТ ДЕКА ТАА ОДЛУКА Е ДОНЕСЕНА ПОРАДИ КОРУМПИРАНОСТ | ДКСК нема отворени предмети по основ на поднесени претставки од граѓанин или од правно лице незадоволни од одлука донесена врз основа на дискрециско овластување и кои сметаат дека таа одлука е донесена поради корумпираност. |

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИТ-15**<br>ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ ДАЛИ НЕКОЕ СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ВО РОК ОД ТРИ ГОДИНИ ПО ПРЕСТАНОКОТ НА ВРШЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА ИЛИ ДОЛЖНОСТИ, ОДНОСНО ПО ПРЕСТАНОКОТ НА ВРАБОТУВАЊЕТО, СЕ ВРАБОТИЛО ВО ТРГОВСКОТО ДРУШТВО ВО КОЕ ВРШЕЛО НАДЗОР ИЛИ ИМАЛО ВОСПОСТАВЕНО КАКОВ БИЛО ДОГОВОРЕН ОДНОС ПРИ ВРШЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА ИЛИ ДОЛЖНОСТИ | ДКСК нема воспоставено систем за следење дали некое службено лице во рок од три години по престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето, се вработило во трговското друштво во кое вршело надзор или имало воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности.<br>Иако во медиумите се обелоденија информации за постоење ваков случај, сепак ДКСК врз основа на тие наоди, а по сопствена иницијатива, не покренала ваква иницијатива, односно не ја истражила ситуацијата во врска со вработувањето на поранешен функционер во трговско друштво со кое имал договорен однос во изминатиот период при вршење на јавните должности. |
| **ИТ-16**<br>ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИТЕ ЗА ПОСТОЕЊЕ ИЛИ НЕПОСТОЕЊЕ ПРИЈАВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ, ПО КОЈ БИЛО ОСНОВ, АКЦИИ, ОДНОСНО УДЕЛИ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ ВО КОЕ РАБОТЕЛО, ОДНОСНО ВРШЕЛО НАДЗОР СЛУЖБЕНОТО ЛИЦЕ ПО ПРЕСТАНОК НА ВРШЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА ИЛИ ДОЛЖНОСТИ | Нема објавени информации за постоење ваков случај, односно ДКСК немала пријави од таков вид. |
| **ИТ-17**<br>ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ ЗА НЕОБЕЗБЕДЕНА ЗАШТИТА ВО СООДВЕТНАТА ИНСТИТУЦИЈА | ДКСК немала пријави од ваков вид и заради тоа нема објавено информации за постоење или непостоење пријави од страна на укажувачи за необезбедување заштита во соодветната институција. |

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
| --- | --- |
| **ИТ-18**<br>ДОСТАПНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ПРЕЗЕМЕНИ ОД СТРАНА НА ДКСК КАКО ОДГОВОР НА ДОБИЕНИ ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ ЗА НЕОБЕЗБЕДЕНА НИВНА ЗАШТИТА | Нема објавени информации бидејќи ДКСК нема отворено и постапувано по предмети од овој вид. |
| **ИТ-19**<br>ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА ЗА СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА И ВО СТРАНСТВО | ДКСК објавува информации за остварена соработка со други државни институции во Македонија и во странство кои се од значење и интерес за јавноста. Односно иако одржала повеќе работни состаноци и учествувала во повеќе работни групи, на веб-страницата објавила само четири такви информации.<br>(Поврзано со индикаторот ИП 19) |
| **ИТ-20**<br>ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ | Граѓанските организации во одговорите на прашалникот за потребите на овој извештај информираат за остварени средби со ДКСК. Информации за остварените средби не се достапни на веб-страницата на ДКСК. (Поврзано со индикаторот ИП 20) |
| **ИТ-21**<br>ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА ЗА СОРАБОТКА СО БИЗНИС-СЕКТОРОТ | Организациите на бизнис-секторот во одговорите на прашалникот за потребите на овој извештај информираат за остварени средби со ДКСК. Информации за остварените средби не се достапни на веб-страницата на ДКСК. (Поврзано со индикаторот ИП 21) |
| **ИТ-22**<br>РЕДОВНО ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ НА ЈАВНОСТА (ИТ 22) | ДКСК до медиумите испратила дваесет соопштенија за јавноста и тие се објавени на веб-страницата на ДКСК и се јавно достапни.<br>ДКСК исто така одговорила и на десет новинарски прашања по електронски пат. |

## ИТ-23

### ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ ОД ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ НА КОМИСИЈАТА (ИТ23)

Во овој период одржани се 27 седници на Комисијата, 7 од тие седници се јавни, односно истите биле отворени за јавноста и за медиумите.

На веб-страницата достапни се информации за одржување на јавните седници, како и соопштенија во кои во целост се содржани одлуките донесени на тие седници.

За другите 20 одржани седници, ДКСК нема објавено информации на веб-страницата.

# 5. ОТЧЕТНОСТ

Отчетноста на ДКСК како независна и самостојна во вршењето на своите надлежности се осигурува доколку таа работи во интерес на јавноста и се спречува или ублажува потенцијалното работење за лични интереси. Отчетноста не подразбира само „вертикална отчетност“, односно хиерархиско одговарање пред друга институција, туку уште поважна е таканаречената „хоризонтална отчетност”. Таа вклучува следење од страна на други засегнати страни, меѓу кои и граѓаните, па зголемувањето на отчетноста пред граѓаните е еден од клучните механизми за унапредување на целокупната отчетност на ДКСК.

## 5.1 ОТЧЕТНОСТ ПРЕД ИНСТИТУЦИИТЕ

Отчетноста пред институциите се однесува на сите надлежности за кои ДКСК има законска одговорност да поднесе извештај за својата работа по одредена активност.

### КОЛКУ ДКСК БИЛА ОТЧЕТНА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈУЛИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 2017 Г.?

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИО 2** ДОСТАВУВАЊЕ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ НА УКАЖУВАЧИ | ДКСК и Министерството за правда се должни до Собранието на Република Македонија да достават посебни годишни извештаи за примени пријави од укажувачи.[26] Рокот за доставување на извештајот не е утврден со закон. ДКСК нема добиено пријава од укажувач и во извештајниот период нема подготвено, а со тоа ни доставено годишен извештај за примени пријави од укажувачи, како и за примени извештаи од државни и јавни институции. |

## 5.2 ОТЧЕТНОСТ ПРЕД ЈАВНОСТА

Отчетноста пред јавноста, граѓанските организации и приватниот сектор подразбира нивно редовно информирање за активностите и преземените мерки од страна на ДКСК. ДКСК за комуникација со јавноста ја користи веб-страницата www.dksk.mk. Еден од начините за активна отчетност кон јавноста е и преку исполнување на обврските наведени во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

26 член 15, став 2 од Законот за заштита на укажувачите

## КОЛКУ ДКСК БИЛА ОТЧЕТНА ПРЕД ИНСТИТУЦИИТЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈУЛИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 2017 Г.?

| ИНДИКАТОР | ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИО 5**<br>ВИД ИНФОРМАЦИИ КОИ ДКСК ГИ ДОСТАВИЛА ДО ЈАВНИТЕ ЕЛЕКТРОНСКИ И ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ЗА НЕЈЗИНИТЕ АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ | Врз основа на податоците достапни на веб-порталот www.time.mk, објавени се вкупно 105 вести во кои се споменува ДКСК на 34 различни веб-страници. Најмногу од вестите се однесуваат на даденото мислење на ДКСК за разрешување на јавниот обвинител Марко Зврлевски, на мислењата во врска со вработувања за време на изборен период и на мислењето во однос на тоа дали постои судир на интереси во случајот со заменик-претседателот на Влада.<br>Вкупниот број на прегледи на 42 вести за кои постои бројчаник на прегледи е 123.368. Најчитана е веста објавена на плус инфо: http://plusinfo.mk/vest/123384/antikorupciskata-komisija-misli-deka-zvrlevski-sega-ne-moze-da-se-razreshi |
| **ИО 6**<br>ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊА ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР | Во извештајниот период ДКСК примила 32 барања за пристап до информации од јавен карактер, а позитивно одговорила, односно одобрила 27 барања. Овие барања се однесувале на прашања поврзани со анкетни листови за имотната состојба и промени на имотната состојба. ДКСК одбила три барања за пристап до информации од јавен карактер кои се однесувале на податоци за имотната состојба за лица кои во моментот на поднесувањето на барањето нема својство на избрано или именувано лице. По две барања за дополнување е донесено едно решение за отфрлање на барањето и еден заклучок со кој се констатира дека барањето е повлечено. Еден подносител поднесол жалба до Комисијата за жалби, постапката е во тек. |
| **ИО 7**<br>КОРИСТЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ ЗА СПОДЕЛУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ СО ЈАВНОСТА | ДКСК не користи социјални медиуми за споделување на информациите со јавноста. |

# 6. ЗАКЛУЧОЦИ

Од вкупно 27 индикатори следени во периодот на известувањето, а за кои се следи исполнувањето на законските обврски („обојување на индикаторите“), 11 се остваруваат целосно во согласност со закон, 13 се остваруваат делумно, а три не се остваруваат.

**Антикорупциска проверка на легислативата се спроведува, но не во целост.** АПЛ е направена за пет закони и е започната за 11 закони (пет од вториот и шест од третиот квартал). ДКСК не ги следи во целост „Планот“ и „Динамиката за АПЛ“ на веќе донесени закони. Иако Владата во овој извештаен период има утврдено 13 предлог-закони на седница, истите не се доставени до ДКСК за задолжителна проверка на ризици од корупција.

**ДКСК одговорила на 916 барања за мислење од страна на државни институции за примена на Законот за спречување на корупцијата во изборен процес.** Барањата за мислења се однесуваат на преземање постапки за вработување на неопределено и на определено време, постапки за јавни набавки, постапки за издавање под закуп на имот во државна сопственост и други видови располагања со државен имот, како и мислења по барања за вонредни исплати на буџетски или фондовски средства и други располагања со буџетски средства на централно и на локално ниво.

**ДКСК отворила 18 предмети за можни злоупотреби за време на локалните избори одржани во октомври 2017 г.** ДКСК во овој период отвори и постапуваше во 18 приговори во кои се наведени сомневања за можни злоупотреби на буџетски средства, јавни фондови и средства од јавни претпријатија и други правни лица кои располагаат со државен капитал од денот на распишување на изборите на 6 август 2017 година. Од нив, 16 предмети се отворени по приговори поднесени од физички лица, еден приговор поднесен е од правно лице и еден приговор од непознат подносител.

**ДКСК не презела активности во насока на санкционирање на неисполнување на обврските на институциите што произлегуваат од надлежноста за водење на Регистарот на анкетните листови на избрани и именувани лица.** Врз основа на податоците објавени во Службен весник на РМ, именувани се 633 лица на функции. Од нив, за 468 (70,59%) лица нема објавени информации ни во Регистарот за избрани и именувани лица, ниту во базата за имотната состојба. ДКСК можела, а не повела иницијатива пред надлежен суд за да изрече глоба на институција или на одговорно лице од институцијата што не доставила податоци потребни за ажурирање на Регистарот.

**ДКСК не презела конкретни мерки за активна примена на Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти коишто се однесуваат на обврски на јавните институциите пред ДКСК.** Полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи до ДКСК доставиле 41 институција. Вкупниот број на институции кои доставиле информација со име и презиме на овластено лице за прием на пријави од укажувачи е 65 институции. ДКСК не презела конкретни активности за да ги информира и едуцира институциите за нивните обврски.

**ДКСК остварува соработка со државни органи.** ДКСК одржа повеќе работни средби со работна група за предлог и за измени на Законот за заштита на укажувачите, за подготовка на Националната стратегија за НАТО, како и други работни состаноци со претставници од државните институции

од Македонија и од странство на различни теми. ДКСК учествуваше и на повеќе конференции како во земјата, така и во странство.

**ДКСК станува поотворена за соработка со граѓанските организации и со организации од приватниот сектор потписници на Меморандумот за соработка.** ДКСК одржа работни средби со граѓански организации и со претставници од приватниот сектор заради отпочнување проекти од областа на корупцијата и судирот на интереси. Како што беше случај и во претходните квартали, така и во овој предвидените редовни состаноци не се одржуваат.

**ДКСК информира за дел од своите активности.** ДКСК објавува информации за седниците кои се јавни, но нема пракса да објавува информации за сите одржани средби, учества на обуки, работилници и сл. за кои нема законска обврска да го направи тоа.

# 7. ПРЕПОРАКИ

**Потребна е поголема проактивност од страна на ДКСК во спроведувањето антикорупциска проверка на легислативата.** Бидејќи станува збор за неодамнешна надлежност на ДКСК и наедно за мерка која треба да спречи можност за корупција заснована на легислатива, потребно е ДКСК да ги информира и едуцира институциите и пред сè Генералниот секретаријат на Владата на РМ за обврските што произлегуваат од Деловникот за работа на Владата на РМ, а се однесуваат на задолжителното доставување на сите предлог-закони на мислење до ДКСК.

**Потребно е редизајнирање на Регистарот на избрани и именувани лица и механизам за следење на неисполнетите обврски од страна на институциите.** Досегашната пракса укажува на неактивни институции во однос на известувањата за избрани и именувани функционери, а ДКСК не го користи дадениот мандат за поттикнување и поведување постапка за санкции на институциите кои не ги исполнуваат обврските. Затоа потребно е ДКСК да развие механизми за следење на неисполнување на обврските што произлегуваат од надлежноста за водење на Регистарот на избрани и именувани лица. Исто така ДКСК да преземе чекори за надградба на апликацијата на регистарот и да обезбеди можност за користење на тие податоци од страна на правни или физички лица за создавање нови информации, содржини, апликации или услуги.

**ДКСК треба да ги интензивира активностите за инсталирање на системот за следење на имотната состојба на избраните и именуваните лица со историски приказ.** Покрај редовното ажурирање на базата за имотна состојба на избраните и именуваните лица, потребно е да се воспостави електронска врска помеѓу Регистарот за избрани и именувани лица и базата на податоци од анкетните листови и да се обезбедат достапни историски податоци, со што лесно би се следела промената на имотната состојба на избраните и именуваните лица.

**ДКСК треба да биде поактивна во следење и примена на Законот за заштита на укажувачите.** Потребно е ДКСК од јавни институции коишто не ги исполниле обврските согласно Законот за заштита на укажувачите да бара да поднесат полугодишен извештај за примени пријави на укажувачите и информација за лицето овластено за примање пријави во законски предвидениот рок. За институциите коишто нема да ги исполнат своите обврски, ДКСК јавно да информира и да преземе соодветни мерки во согласност со Законот.

**ДКСК да продолжи со интензивирање на соработката со граѓанскиот и со приватниот сектор (стопански комори и други здруженија од областа).** ДКСК да продолжи редовно да одржува работни средби со претставници од граѓанскиот и од приватниот сектор, да ги вклучува во своите активности, да ги кани да учествуваат на работилници, работни групи и обуки и да учествува и да придонесува за активности организирани од граѓанските организации и од приватниот сектор.

**ДКСК да ја информира јавноста за сите свои активности.** ДКСК да објавува информации на својата веб-страница за сите преземени активности, за дневните редови од седниците на комисијата без исклучок, како и информации за учество и организација на работни состаноци, работни групи, работилници, обуки и конференции. ДКСК да ја разгледа можноста за присуство на социјалните мрежи. ДКСК да ги користи веб-страниците и другите електорнски алатки на граѓанските организации за презентирање на сопствените активности.